**Анкета за инфлациските очекувања и очекувањата за движењето на реалниот БДП**

**- јуни 2019 г. -**

**Анкетата за инфлациските очекувања и очекувањата за движењето на реалниот БДП[1]** за периодот 2019 – 2021 година, спроведена во јуни, не упатува на позначајни промени во очекувањата за просечната стапка на инфлација и очекуваниот раст на БДП.

**Како и во претходната анкета, економските аналитичари очекуваат постепено забрзување на инфлацијата и на економскиот раст во следните две години.** Така, за 2019 година очекуваат дека **просечната стапка на инфлација** ќе изнесува 1,6%, додека во 2020 и 2021 година очекувањата посочуваат на просечна инфлација од 1,8% и 1,9%, соодветно. Умереното забрзување на инфлацијата, испитаниците го објаснуваат со повеќе фактори, како што се зголемената минимална плата, повисоката домашна побарувачка, повисоките цени на енергијата согласно очекуваниот раст на цената на нафтата на светскиот пазар, како и општиот раст на светските цени на примарните производи. Во споредба со претходната анкета, очекувањата се променети во надолна насока, за 0,2 п.п. за 2019 година и 0,1 п.п. за 2020 и 2021 година. Во поглед на економската активност, анкетираните аналитичари очекуваат **реален раст на БДП** од 3,1%, 3,3% и 3,6% за 2019, 2020 и 2021 година, соодветно. Испитаниците ги поврзуваат ваквите очекувања со продолжување на поволните трендови од претходната и првиот квартал на оваа година, олабавувањето на монетарната политика, довербата и очекувањата на економските субјекти, владините мерки за поддршка на претпријатијата, очекуваната интеграција во НАТО и ЕУ, зголемувањето на инвестициската и извозната активност, инфраструктурните проекти најавени од државата, како и со растот на личната потрошувачка поврзан со растот на просечната плата, кредитирањето и пониската невработеност. Во однос на мартовската анкета, испитаниците имаат очекувања за посилен раст на економијата во периодот од 2019 до 2021 година (за 0,3 п.п. за 2019 година, 0,1 п.п. за 2020 и за 0,2 п.п. за 2021 година).







[1] Во 2017 година, Народната банка на Република Северна Македонија направи промена во анкетното истражување „Анкета за инфлациските очекувања", коешто е преименувано во „Анкета за инфлациските очекувања и очекувањата за движењето на реалниот БДП", чијашто нова структура го следи кварталниот прашалник за професионални прогнозери (Quarterly Survey of Professional Forecasters, https://www.ecb.europa.eu/stats/ecb_surveys/survey_of_professional_forecasters/html/index.en.html), што го спроведува Европската централна банка (ЕЦБ), а воедно ја промени и структурата на примерокот, којшто сега е составен само од економски експерти.

Покрај очекуваната стапка на инфлација и стапката на раст на БДП, во рамки на Анкетата испитаниците даваат и свој поглед за **распределбата на веројатноста за остварување определени стапки во зададен интервал**. Овие оцени се користат за создавање на агрегатната распределба на веројатностите[2]. Агрегатната распределба на веројатностите за остварување на дадените стапки на инфлација и БДП во петнаесет интервали се прикажани на следниве графикони, а резултатите главно се совпаѓаат со стапките коишто ги очекуваат испитаниците.










Во согласност со очекувањата за пониска просечна **стапка на инфлација,** во однос на претходната анкета, распределбата на веројатностите упатува на поместувања на веројатностите од интервалите со повисоки вредности кон пониските, како и на повисока концентрација на веројатностите во интервалот на очекуваната стапка за периодот 2019 и 2020 година. За 2021 година нема позначително поместување на веројатностите во однос на претходната анкета.

[2] Агрегатната распределба на веројатностите претставува просек од оценетите веројатности од испитаниците за секој интервал на очекувана стапка на инфлација и стапка на раст на БДП.










Споредбата на очекувањата за **стапката на раст на БДП** со распределбата на веројатностите упатува на видливи поместувања во нагорна насока, како и нивна концентрација во интервалот на очекуваната стапка, што е во согласност и со повисоката просечна очекувана стапка на раст за периодот од 2019 до 2021 година.